

# Акварели или историја

***Во Културно-информативниот центар во Скопје, во октомври, во двата салона се одржа изложба на академскиот сликар Петар Ѓорѓиев - Пљум.***

Изложбата на Петар Ѓорѓиев - Пљум е значајна не само како јубилејна изложба по повод 40 години творештво, туку и како изложба што ја променува и ја дополнува македонската историја на уметноста, што се однесува до акварелното творештво кај нас. Треба да се спомене дека за прв пат Пљум ги изложува своите акварели пред очите на јавноста и ги става на увид пред критиката и историјата.

Изложени беа 60 дела, кои опфаќаат временски континуитет од 35 години, значи од 1962 година па наваму. Делата претставуваат чисти пејзажи, со исклучок на неколкуте почетни во кои има и архитектура. Тие дела се одделуваат од останатите како според тематиката (пејзаж од Сплит) така и според изработката со потемни, погусто нанесени бои и со доста прецизен цртеж. Другите дела претставуваат пејзажи од Македонија во кои формите од природата полека бледеат и исчезнуваат во процесот на минимализирање и предапстрахирање на нештата. При разговорот со авторот, тој потенцираше дека целта на оваа изложба е да докаже дека „акварелот е техника со која можат да се изработуваат покласични импресионистички дела“ и дека тој, едноставно, не трпи апстракција. А сепак во подоцнежните дела тој оди до „тенката црвена линија“ меѓу апстрактното и конкретното.



Нада ПЕШЕВА